**ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**
**ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**
**ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA**

CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 103 – 1/2011
Загреб, 16. 07. 2011.

# З А П И С Н И К

од **10. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **16.07.2011 година** со почеток во **12.40 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Ангел Митревски – претседател на Заедницата, Никола Grоздановски – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Благој Штерјов – Загреб и Велимир Лозановски – Риека.
**Отсутни членови:** Јагода Цветичанин – Осиек.
**Гости на седницата:** Елизабета Петровска – секретар на Заедницата и Крсте Атанасовски – Осиек.

Седницата ја водеше претседателот на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дн. ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 9-та седница на УО;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.07.-30.09.2011.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат најкасно три дена пред седницата по електронска пошта;
3. Донесување на Финансиски план на Заедницата за периодот од 01.04.-31.12.2011. година;
4. Усвојување на „Polugodišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2011. godine (Obrazac FG-1)“ со обрасците FG-2/Informiranje, FG-3/Izdavaštvo, FG-4/Kulturni amaterizam, FG-5/Kulturne manifestacije, FG-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози и авторските хонорари;
5. Договор околу реализацијата на програмите во 2011 година и усвојување на донесените одлуки;
6. Донесување на одлука за разрешување на досегашните дописници на списанието „Македонски глас“ од Задар, Риека и Пула и именување на нови дописници, како и разрешување на досегашниот член на Редакцискиот одбор Горан Калоѓера и именување на нов член;
7. Договор за реновирање и адаптација на просториите на Заедницата, набавка на канцелариска и техничка опрема за потребите на Заедницата и усвојување на донесените одлуки;
8. Договор за понатамошната работа на WEB страницата на Заедницата и усвојување на донесените одлуки;
9. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 9-та седница (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше подготвен и проследен по електронска пошта само од друштвата од Загреб и Задар, и Заедницата (прилог). Друштвото од Сплит својот информатор го достави на седницата. Друштвата од Риека, Пула и Осиек не ги доставија своите информатори.

**Ад. 3.** По претставениот предлог (прилог), претседателот Митревски ги образложи програмите за кои се добиени средства оваа година, па по дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го донесоа** Финансискиот план на Заедницата за периодот од 01.04.-31.12.2011. година.

**Ад. 4.** За Полугодишниот финансиски извештај на Заедницата „Polugodišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2011. godine (Obrazac FG-1)" со обрасците FG-2/Informiranje, FG-3/Izdavaštvo, FG-4/Kulturni amaterizam, FG-5/Kulturne manifestacije, FG-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози и авторските хонорари (прилог), Петровска рече дека е уредно изработен, но се доцнеше со неговата изработка и проследувањето до членовите за седницата поради доцнењето на претседателот Митревски со предавањето на сметките од манифестацијата „Денови на македонската култура" во Сплит и покрај забелешката на седницата од минатата година дека материјалите мораат да се доставуваат на време за да можат членовите да ги проучат и да се подготват за седницата. Претседателот Митревски рече дека во мај е потпишан Договор со Министерството за наука, образование и спорт на РХ за Летниот камп – училиште по македонски јазик за деца „Рогач 2011" на Шолта, на 96.000,00 кн.
**Предлози:**
* А. Митревски – во врска со износот на километражата за неговите службени патувања рече дека горивото е поскапено и дека досегашниот износ не ги покрива неговите реални трошоци, па даде предлог тој износ да се покачи за 0,50 кн.

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се усвојува „Polugodišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2011. godine (Obrazac FG-1)" со обрасците FG-2/Informiranje, FG-3/Izdavaštvo, FG-4/Kulturni amaterizam, FG-5/Kulturne manifestacije, FG-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози и авторските хонорари;
- Се одобрува службените патувања на претседателот на Заедницата со приватен автомобил, за присуствување на седниците на УО, да се исплатуваат по 1,50 кн./1 км., а за останатите службени патувања по 2,00 кн./1 км.

По оваа точка членовите на УО направија куса пауза.

**Ад. 5.** За културната манифестација „Илинден 2011." која ќе се одржи на 30.07. во Голубињак членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Секое Друштво превозот со автобус да го наплатува со партиципација од 40,00 кн. по човек и тие пари да ги уплати на Заедница (вкупниот износ не смее да биде помал од 20% од цената на чинењето на автобусот);
- Да се намали бројот на учесниците од КУД „Мирче Ацев" од Прилеп, РМ од 40 на 30 луѓе;
- Списоците за посетителите да се заклучат на 25.07. за да се знае колку порции грав да се нарачат.

За Летниот камп „Се запознаваме со нашето потекло”, Митревски рече дека ќе се реализира на Шолта и покрај тоа што сè уште не е потпишан Договорот со Министерството за надворешни работи на РМ.

**Предлози:**

За културната манифестација „Ден на Заедницата” се даде предлог да се одржи во Задар или во Осиек доколку се најде соодветна сала, а не во Нова Градишка како беше предложено на Собранието на Заедницата. Но, каде и да се одржи, спиењето нема да оди на терет на манифестацијата.

За трибината „Македонија вчера, денес, утре” се даде предлог да се одржи во соработка со Амбасадата на РМ во РХ во градовите каде што Заедницата има свои друштва.

**Забелешки:**

* М. Мајиќ – изрази незадоволство бидејќи во списанието „Македонски глас” МКД „Билјана” и понатаму не добива доволно место за нејзините манифестации.

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- На наредната седница на УО да се повика главната и одговорна уредничка Марина Апостоловска и да се разговара за подобрување на работата на „Македонски глас”.

**Ад. 6.** Врз основа на донесените одлуки и согласности на состаноците на УО на МКД „Билјана” од Задар, МКД „Илинден” од Риека, МКД „Кочо Рацин” од Пула и на главната и одговорна уредничка Марина Апостоловска, за разрешување на досегашните дописници и членови на Редакцијата на списанието „Македонски глас” Еми Лонгин од Задар, Владо Настески од Риека и Ратко Димовски од Пула, како и членот на Редакцискиот одбор Горан Калоѓера (прилог), членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Се разрешуваат Еми Лонгин, Владо Настески и Ратко Димовски од членството на Редакцијата на списанието „Македонски глас” како досегашни дописници од Задар, Риека и Пула, и Горан Калоѓера од членството на Редакцискиот одбор;
- Се именуваат Мирјана Мајиќ и Ива Чрњар за членови на Редакцијата на списанието „Македонски глас” и за дописници од Задар и Риека, и Борјана Прошев-Оливер за член на Редакцискиот одбор.

**Ад. 7.** Претседателот Митревски рече дека од Советот за национални малцинства на РХ оваа година се добиени средства во вкупен износ од 30.000,00 кн., кои се наменети за реновирање и адаптација на просториите на Заедницата. Во овие средства не влегува набавка на канцелариска и техничка опрема за потребите на Заедницата.

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се одобрува набавка на компјутер со сите потребни елементи од донираните средства на Заедницата;
- Од септември, доколку на се одржи седница на УО, телефонски да се договараат приоритетните работи за реновирање и адаптација на просториите на Заедницата.

**Ад. 8.** По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се задолжува Е. Петровска да најде три понуди за изработка на нова Веб страница на Заедницата.

**Ад. 9.** Претседателот Митревски ги извести присутните за одржаните избори за членови на Советите и претставници на МНМ во РХ и изрази честитки за новоизбраните членови.

Се разговараше и за зголемување на платата на административната секретарка на Заедницата, Елизабета Петровска По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Поради зголемувањето на обимот на работните задачи на административната секретарка Елизабета Петровска, почнувајќи од 01.08.2011 година, и се одобрува зголемување на платата за 10%, односно во износ од 4.400,00 кн. нето месечно, заедно со сите други обврски према Законот.
- За барањето на Августина Гулеска Хајдиќ од Задар, се задолжува претседателот Митревски да пронајде кој ќе ги донира тие две книги за сите друштва и Заедницата.

На крајот, секретарот Е. Петровска им подели на присутните по една од новите книги издадени од Заедницата, „Нескротливо чувство" од Ивона Дуноски, „Стари македонски семејства во Хрватска" од Марина Апостоловска, „Пат – Друг пат" од Лилјана Димова Петернел и „Носталгија и љубов" од Мирјана Мајиќ и Еми Лонгин, како и брошури „150 години од Зборникот на браќата Миладиновци" од МКД „Браќа Миладиновци" од Осиек.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претс. А. Митревски ја затвори седницата.

Седницата заврши во 16.20 часот.

Записничар:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,

секретарка на Заедницата

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски